Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 12

01.07.2022

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиште на Општина Демир Хисар за 2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиште на Општина Демир Хисар за 2022 година донесена на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/1 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 точка 17 од Статутот на Општина Демир Хисар и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Службен весник на РМ бр. 193/16, 72/18 и 16/22), Советот на седницата одржана на ден 27.06.2022 донесе

**Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиште на Општина Демир Хисар за 2022 година**

**Член 1**

Во програмата за уредување на градежно земјиште во точка 6.1-Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште, во делот Коефициенти за пресметување по точка 6 се додаваат 5 нови точки (7),(8),(9),(10),(11), и (12), кои гласат:

7.За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:

-сите простории, 0,05;

8.За објекти за високо образование:

-сите простории, 0,5;

9.За објекти за култура:

-сите простории, 0,01

10.За објекти за терцијална здравствена заштита:

-сите простории, 0,05

11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и

12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50 % од површината на градежната парцела, 0,01.

По делот кој се однесува на Коефициенти за пресметување се додаваат три нови точки (1), (2) и (3) кои гласат:

1. За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во член 1 од оваа Одлука.

2. За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во член 1 од оваа Одлука.

3. За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар".

Бр.17-815/ 3 Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спсавување на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спсавување на Општина Демир Хисар донесена на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/2 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на членовите 22 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и членовите 36, 42, 43, 93, 94 и 110 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16, 106/16 и 83/18), во врска со член 10 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.12/06), член 12 став 1 од Уредбата за начинот на пополнување на резервниот состав на силите за заштита и спасување и средствата од материјалната обврска (“Службен весник на РМ” бр.18/06) а согласно Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.124/06), како и Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и просторни сили за заштита и спасување во Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.7/08) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.06.2022 година донесе:

**Одлука за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спсавување на Општина Демир Хисар**
**Член 1**

Се именуваат лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар во следниов персонален состав:

1) За Командант на Штабот се именува Никола Најдовски, Градоначалник на Општина Демир Хисар,

2) За Началник на Штабот се именува Игор Дамјаноски, вработен во Општина Демир Хисар,

3) За помошници на Началникот се именуваат:

-За помошник на Началникот за оперативни работи се именува Гоце Мицковски, директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар,

- За помошник на Началникот за прва медицинска помош се именува д-р Димитар Рутевски, вработен во служба за итна медицинска помош во ЈЗУ Здравствен Дом Демир Хисар,

- За помошник на Началникот за згрижување и евакуација се именува Томе Милошовски, вработен во Општина Демир Хисар,

- За помошник на Началникот за заштита и спасување од пожари се именува Цане Митревски, командир на ТППЕ Демир Хисар,

- За помошник на Началникот за заштита и спасување од поплави се именува Владимир Крстевски, вработен во ПЕ на МЗШВ Демир Хисар,

4)Помошен персонал:

-За извршител-администратор се именува Злате Бошевски, вработен во Општина Демир Хисар,

-За извршител-курир/возач се именува Оливер Петревски, вработен во Општина Демир Хисар и

-За извршител-курир/возач се именува Живко Бошевски, вработен во ЈКП Комуналец Демир Хисар.

**Член 2**

Штабот за заштита и спасување има обврска да ги превземе сите дејствија поврзани со заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи, согласно постоечките закони.

**Член 3**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар бр.17-142/17 од 14.02.2019 година.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-815/ 4 Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период 01.01.2022-31.03.2022**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период 01.01.2022-31.03.2022
донесен на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/3 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) , Советот на Општина Демир Хисар на 7 ма седница одржана на 27.06.2022 година донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период 01.01.2022-31.03.2022

1.Се усвојува Финансикиот извештај за работењето на Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период 01.01.2022-31.03.2022 година донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со Одлука бр.02-55/2 од 17.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Заклучокот се доставува до Архива на Општина Демир

Хисар и до Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

Бр.17-815/ 5 Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година донесен на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/4 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 87 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на ОпШтина Демир Хисар /`Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Финансискиот извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година донесен со Одлука на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар бр.0202-188/3 од 11.05.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-815/ 6 Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет за населено место Сладуево**

1.Ја објавувам Одлуката за давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет за населено место Сладуево донесена на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/5 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05,7/09,13/16, 14/18, 10/19 и 7/21) , Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 27.06.2022 година донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет за населено место Сладуево

1.Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет за населено место Сладуево донесена како Предлог Одлука од Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар бр.0202-188/10 од 11.05.2022 година.

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Одлуката се доставува до Архива на Општина Демир Хисар и до ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.

Бр.17-815/ 7 Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за користење на простор на градски пазар Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за користење на простор на градски пазар Демир Хисар донесена на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/6 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и

член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05,7/09,13/16, 14/18, 10/19 и 7/21) , Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 27.06.2022 година донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за користење на простор на градски пазар Демир Хисар

1.Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на висината и наплатата на ндоместокот за користење на простор на градски пазар Демир Хисар донесена како Предлог Одлука од Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар бр.0202-188/4 од 11.05.2022 година.

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Одлуката се доставува до Архива на Општина Демир Хисар и до ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

Бр.17-815/ 8 Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта Демир Хисар донесена на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/7 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05,7/09,13/16, 14/18, 10/19 и 7/21) , Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 27.06.2022 година донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта Демир Хисар

1.Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта Демир Хисар донесена како Предлог Одлука од Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар бр.0202-188/6 од 11.05.2022 година.

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Одлуката се доставува до Архива на Општина Демир Хисар и до ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

Бр.17-815/ 9 Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цени на услуги од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цени на услуги од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар донесена на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/8 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 11 став 1 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05,7/09,13/16, 14/18, 10/19 и 7/21) , Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 27.06.2022 година донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цени на услуги од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар

1.Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цени на услуги од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар донесена како Предлог Одлука од Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар бр.0202-188/7 од 11.05.2022 година.

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Одлуката се доставува до Архива на Општина Демир Хисар и до ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

Бр.17-815/ 10Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за изменување на Решението бр.17-415/12 од 13.04.2022 година**

1.Го објавувам За изменување на Решението бр.17-415/12 од 13.04.2022 година донесено на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/9 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 34 и 37 од Законот за култура /"Службен весник на РМ" бр.66/2003 година и член 43 став1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар /"Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/, согласно член 23 од Статутот на О.У. Дом на култура „Илинден" Демир Хисар бр.01-32/1 од 31.05.2019 година, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.06.2022 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За изменување на Решението бр.17-415/12 од 13.04.2022 година**

1. Со ова Решение се врши изменување на Решението бр.17-415/12 од 13.04.2022 година.

2. Во Точка 3 зборовите „ од редот на вработените во општинската администрација" се бришат .

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

По еден примерок од Решението да се достави до Архивата, именуваните и архивата на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар.

Бр.17-815/ 11Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок**

1.Го објавувам Заклучокот во врска со урбанистички планови во Општина Демир Хисар донесен на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/10 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.06.2022 година донесе

З А К Л У Ч О К

Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.06.2022 година, расправајќи во врска со состојбата во населените места каде нема урбанистички планови донесе Заклучок со кој предлага општина Демир Хисар да поднесе Иницијатива до ЗЕЛС, како и до Министерство за транспорт и врски да се донесе законско решение со кое ќе се регулира во општини до 10.000 жители кои се на удар од миграцијата и се постојано иселување, да се утврдат олеснителни околности за добивање на одобрение за градба, со цел да се задржат и тие малку заинтересирани лица кои сакаат да останат во овие населени места.

Исто така лицата кои градат во овие населени места каде нема урбанистички план да можат изградените објекти да ги внесат тогаш кога ќе се изготвуваат

урбанистички планови исто да се прифатат препораките на жителите на населените места при определување на градежниот опфат. Истите да не бидат на удар на инспекциски служби бидејќи не по нивна вина овие населени места не се урбанизирани.

Бр.17-815/12 Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Добре Бошевски од с.Слепче**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства на Добре Бошевски од с.Слепче донесена на 11-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.06.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-875/11 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/05,4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
за одобрување на финансиски средства на Добре Бошевски од с.Слепче

Член 1
Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства на Добре Бошевски од с.Слепче, во износ од 60.000,оо денари.

Член 2
Добре Бошевски од с.Слепче поднесе барање до Советот на општина Демир Хисар бр.17-841/1 од 27.06.2022 година за одобрување на финансиски средства заради надомест на материјална штета, бидејќи на 01.06.2022 година семејната куќа во с.Слепче била зафатена од пожар со кој е предизвикана голема материјална штета.

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр.17-815/ 13Совет на општина Демир Хисар
27.06.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

-----------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиште на општина Демир Хисар за 2022 година------1-2
2. Одлука за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар---------------------------------------2-3
3.Заклучок за усвојување на Финансиски извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година—3-4
4. Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година---4
5. Одлука за давање согласност на Предлог Одлуката за утврдување на цена за комунална

услуга собирање на куќен и дворен смет за населено место Сладуево-----------------------5
6. Одлука за давање согласност на Предлог одлуката за утврдување на висина и наплата на надоместок за користење на простор на градски пазар Демир Хисар----------------------------5-6
7. Одлука за давање согласност на предлог Одлуката за утврдување на висина и наплата на надоместок за доделување на гробно место во Градски гробишта Демир Хисар-----------6-7
8. Одлука за давање согласност на предлог одлуката за утврдување на цени на услуги од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за Општина Демир Хисар----------------------------------7
9. Решение за измени и дополнување на Решението бр. 415/12 од 13.04.2022 година--8
10.Заклучок -----------------------------8-9
11.Одлука за одобрување на финансиски средства на Добре Бошевски од с.Слепче---9

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**